ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

www.kbprvo.com.mk


НАЈУБАВО СЕ СТАРЕЕ
ВО ВИСТИНСКО
ДРУШТВО
КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ
Годишен извештај 2012

Содржина:

Порака од Претседателот на Управниот одбор 4
Издвоени показатели за Пензиските фондови 5
Профил на Друштвото 7
Цели на Друштвото во 2013 година 9
Економското опкружување во 2012 година и прогнози за 2013 година 11
Финансиски перформанси на Друштвото 12
Управување со ризици 17
Инвестирање на средствата на фондовите 19
Продажба 20
Пазарно учество 21
Маркетинг активности 23
Информатичко – комуникациска технологија 24
Човечки ресурси 25
Корпоративно општествена одговорност 26
Корпоративно управување 27
Надзорен одбор 28
Управен одбор 28
Организациона шема 29
Мрежа на продажни места на Друштвото 30
Прилози 31

ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

2012 година заврши со најдобар резултат на задолжителниот пензиски фонд од почетокот на пензиската реформата во 2006 год. до денеска, 7 годишен период, иако во текот на годината се проткајаа исклучителни негативни влијанија врз реформираниот пензиски систем со реперкусии на долг рок.

Задолжителниот пензиски фонд во текот на 2012 година оствари добивка од околу 15 милиони евра за сметка и во име на членовите. За овој период, сметководствената единица на задолжителниот фонд (КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје) како основно мерило за успехот на фондот порасна од 130,712626 на 01.01.2012 до износ од 142,372582 на 31.12.2012. Целта на пензискиот фонд дефинирана во нашите акти е приносот на годишно ниво да биде за 2 процентни поени поголем од просечната годишна инфлација. Тука заклучно со 2012 година повторно сме подобри од реперот. Инфлацијата во просек на годишно ниво за последните 7 години изнесува 3,22%, додека приносот на задолжителниот фонд во просек на годишно ниво за последните 7 години изнесува 5,17%. Доброволниот пензиски фонд исто така оствари позитивен резултат.

Од друга страна, добрата слика за реформираниот систем беше избледена со неочекуваната одлука на Министерството за финансии на почетокот на годината да спроведе рестрикции во можностите за инвестирање на средствата на пензиските фондови. Имено, Министерството без било каква дебата и нетранспарентно директно се вмеша во дизајнот на еден клучен дел од системот: принципот на диверзификација. Се забрани вложување во обврзниците на нашата држава во странство за да се добие директен инфлукс на свежи пари во економијата на краток рок, токму во текот на 2012 година. Тоа е избрзана одлука со долгорочни негативни влијанија врз домашниот долг, пензискиот систем и пазарот на капитал. Сепак, реализацијата на оваа идеја во реалност се случи во поволен период за пазарите на капитал во светот во месец август и септември и не доведе до огромни штети врз заштедите на членовите.

Во 2012 година домашната економија остана без раст, а индексот на Македонската берза беше еден од најслабите во светот и оствари негатива од -12%. Во исто време, пазарите на капитал во Европа и светот во втората половина на годината се стабилизираа и имаа квалитетен пораст. Најголем фактор за позитивниот принос на пензиските фондови со кои управува Друштвото е одлучноста на Европската централна банка (ЕЦБ), изразена преку нејзиниот претседател Марио Драги, да интервенира на пазарите на капитал. На конференција за инвестирање во Лондон на 26 јули 2012 година за време на својот говор тој ќе изјави: "Within our mandate, the ECB is ready to do whatever it takes to preserve the euro. And believe me, it will be enough,". Пазарите го прифатија овој став на ЕЦБ како реален и со тоа голем дел од ризикот од европската криза беше елиминиран. За илустрација, германскиот индекс DAX кој ја отсликува состојбата на германската извозна економија порасна за цели 30% во 2012 година.

Како резултат на тој процес, речиси сите хартии од вредност во странство, без разлика дали се сопственички (акции) или должнички (обврзници), претрпеа зголемување на цената. Задолжителниот пензиски фонд со кој управува Друштвото во тој период имаше над 20% од активата инвестирано во странски акции.

Резултатот на фондовите и работењето на Друштвото во 2012 година директно го тестираше процесот на диверзифицирање на портфолиото на инвестиции на фондот во повеќе столбови на сигурност. Тестот е успешен. И покрај негативниот принос на домашните акции, и негативното влијание на законската интервенција врз приносот на македонските евро-обврзници, сепак резултатот е многу добар. На тој начин се потврдува како успешна нашата определба кон внимателно распределено портфолио на инвестиции во повеќе кошнички. Како доброто вино така и резултатот на пензискиот фонд се крои на долг рок. Стратешки сакаме да ги искористиме можностите во рамки на законот и да ги вмешаме квалитетот на сигурноста на обврзниците со можноста за заработка преку вкупниот принос (дивиденда плус капитални добивки) на акциите. Веруваме во моќта на акциите, дома и во странство, како генератор на позитивен принос на долг рок со нужна доза на респект кон нашиот клиент и нејзината толеранција за ризик. Патем, правиме напор да ја употребиме во реалност универзалната лекција да се купи на ниско ниво, а продаде на високо. Инвестирањето во акции го правиме на пасивен начин и според принципот на широка диверзификација и ниски трошоци. Овој пристап во инвестирањето наоѓа поддршка и кај реномираните светски инвеститори со долгогодишно искуство како на пример: Ворен Бафет, Џак Богл, и Давид Свенсен. Земајќи ги сите околности и ограничувања во самиот систем и економијата верувам дека нашиот начин на инвестирање ќе донесе позитивен резултат на долг рок. Нашата задача останува да бидеме лидер и да се стремиме со голем напор и паметна работа да им обезбедиме на македонските граѓани повеќе пари за пензија. Јас Ви ветувам дека тимот на КБ Прво безрезервно ќе продолжи да биде разумен, енергичен, пргав, непокорлив, и да ги бара сите разумни можности за зголемување на приносот на пензискиот фонд со превземање на прифатлив ризик преку докажани техники.

Искрено,
Јанко Тренкоски
Генерален директор на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

ИЗДВОЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

За задолжителниот пензиски фонд:

- Број на членови заклучно со 31.12.2012: 170.222 членови и времено распределени лица[1]
- Големина на нето средства во фондот заклучно со 31.12.2012: 11.349.426.306,49 МКД[2]
- Остварен просечен годишен принос за периодот 31.12.2009 – 31.12.2012 година: 5,66%[3]

Наплатуван надоместок од придонеси	
период	КБ Прво
Јануари 2010 - Декември 2010	5,5%
Јануари 2011 - Декември 2011	4,5%
Јануари 2012 - Декември 2012	4%
Наплатуван месечен надоместок од вкупни нето средства на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје	
период	КБ Прво
Јануари 2010 - Декември 2012	0,05%

>Извор: Агенција за супервизија – МАПАС

Приносот на Вашата индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот задолжителен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од вашето друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд.

- Просечна уплата по член во 2012 година во денари: 1.587 МКД[4]
- Висина на бруто уплати во 2012 година во денари: 2.015.425.791 МКД[5]
- Процентуално учество на средствата на фондот во странски сопственички хартии од вредност: 16,71% или 1.898.501.810 МКД[6]
- Процентуално учество на средствата на фондот во домашни државни обврзници: 66,32% или 7.534.100.797 МКД[7]

[1,3] *Извор: Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС*
[2,4,5,6,7] *Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје*

За доброволниот пензиски фонд:

- Број на членови заклучно со 31.12.2012: 11.403 членови[8]
- Големина на нето средства во фондот заклучно со 31.12.2012: 81.019.777,27 МКД[9]
- Остварен просечен годишен принос за периодот 31.12.2009 – 31.12.2012 година: 5,93%[10]

Наплатуван надоместок од придонеси	
Период	КБ Прво
1.1.2010 - 23.4.2010	5,5%
24.4.2010 - 31.12.2012	4%
Наплатуван месечен надоместок од вкупни нето средства на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје	
Период	КБ Прво
1.1.2010 - 31.12.2010	0,15%
1.1.2011 - 31.12.2012	0,075%

>Извор: Агенција за супервизија – МАПАС

Приносот на Вашата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот доброволен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од вашето друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд.

- Просечна уплата по член во 2012 година во денари: 1.657 МКД[11]
- Висина на бруто уплати во 2012 година во денари: 42.067.941 МКД[12]
- Процентуално учество на средствата на фондот во странски сопственички хартии од вредност: 17,03% или 13.827.103 МКД[13]
- Процентуално учество на средствата на фондот во домашни државни обврзници: 34,70% или 28.174.315 МКД[14]

[8,10] *Извор: Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС*
[9,11,12,13,14] *Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје*

ПРОФИЛ НА ДРУШТВОТО

Друштво е основано и регистрирано на 19 мај 2005 година, согласно Законот за трговски друштва и Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и со дозвола бр.02-470/3 за основање на Друштво за управување со пензиски фондови и одобрение за управување со КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје издадени од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата). Задолжителниот фонд почна со работа на 31.01.2006 година.
На 20.11.2008 година Агенцијата донесе одлука за издавање на одобрение на Друштвото за управување со задолжителен пензиски фонд со неограничено траење.

На 24.08.2009, Друштвото доби дозвола бр. 02-1534/3 за проширување на дејноста - управување со доброволен пензиски фонд. На 4.12.2009, Друштвото доби полноважно одобрение за работа во 3-от столб бр.02-2158/5 за управување на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд-Скопје. Доброволниот фонд почна со работа на 21.12.2009 година.

Во оригиналната структура на капиталот основачи на Друштвото се:

1. Прва покојнинска дружба дд Љубљана (реорганизирана во Прва Груп во 2007 година), со 51% сопственост во основачкиот капитал на Друштвото односно 765 акции во вкупна номинална вредност од 765.000 ЕУР.

2. Комерцијална Банка АД Скопје, со 49% сопственост во основачкиот капитал на Друштвото односно домашниот партнер учествува со 735.000 евра во основачкиот капитал. Основната главнина беше поделена на 1.500 обични акции, со номинален износ од 1.000,00 ЕУР и секоја акција дава право на еден глас.

Но, во 2009 година основачите го зголемија капиталот за нови 300.000,00 ЕУР. Новата структура на капиталот е следната:

1. Prva Group plc.Ljubljana, со 51% сопственост во основачкиот капитал на Друштвото односно 918 акции во вкупна номинална вредност од 918.000,00 Евра

2. Комерцијална Банка АД Скопје, со 49% сопственост во основачкиот капитал на Друштвото односно 882 акции во вкупна номинална вредност од 882.000,00 Евра

Основната главнина е поделена на 1.800 обични акции, со номинален износ од 1.000,00 ЕУР и секоја акција дава право на еден глас.

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

6 MAJ 2012
ЦЕЛ
FINISH
СКОПСКИ МАРАТОН SKOPJE MARATHON
00:00:00

ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ВО 2013 ГОДИНА

- Одржување на пазарното учество во 2 столб
- Остварување на прогрес во продажбата и уплатите на 3-от столб
- Одржување на позитивна, конзервативна и внимателна инвестициска стратегија со големи напори кон постигнување на добар принос, меѓународната диверзификација, како во задолжителниот фонд така и во доброволниот фонд.
- Примена на светски практики за управување со средства
- Одржување на инвестицијата во подобрување на услугите кон членството и квалитетно комуницирање со членовите на фондовите
- Одржување на добра и постојана комуникација со медиумите
- Одржување на имиџот за сигурно, доверливо, транспарентно и професионално пензиско друштво
- Водење сметка за потенцијалните оперативни, пазарни и регулаторни ризици
- Работна програма за квалитетно образование и континуирано подобрување
- Зголемување на односите и соработката со акционерите
- Внесување на нови алатки за зголемување на продуктивноста на работењето
- Зајакнување на второто ниво на раководство

ЕКОНОМСКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ ВО 2012 ГОДИНА И ПРОГНОЗИ ЗА 2013 ГОДИНА

Макроекономска состојба во светот

И покрај одредени знаци на подобрување во изминатите месеци, економската ситуација во светот и нејзините изгледи остануваат предизвикувачки. Со цел да се помогне во намалување на стапката на невработеност во САД и подобрување на економијата во целост, Бен Бернанке, Претседателот на Централната банка на САД објави серија на монетарни стимулации и континуирана политика на ниски каматни стапки се до средината на 2015 година. Од другата страна на Атлантикот пак ЕЦБ ја намали клучната каматна стапка во месец јули од 1% на 0,75% и на 06.09.2012 година го потврди неограниченото купување на државниот долг од проблематичните економии во ЕУ. Сите овие акции доведоа до смирување на финансиските пазари. Распонот (спредот) на приносот на обврзници на земјите од периферна Европа се намалија и еврото се подобри и се врати на ниво од 1,31 во однос на доларот во средината на месец септември.

Кризата во Еврозоната останува најголема закана за глобалниот раст и во периодот којшто следи. Иако беше направен одреден напредок на почетокот на 2012 година во насока на олеснување на тензиите на финаниските пазари, политичарите се уште немаат решение за фундаменталните прашања кои се во основата на оваа криза. Тие продолжуваат да се соочуваат со големи предизвици поврзани со кревкоста на финансиските институции и високото ниво на државен долг.

Република Македонија има стабилен макроекономски систем и бизнис опкружување што се потврдени во изминатите години. Одржување на стабилноста на цените е сидро на монетарната политика на Македонија.

Во текот на вториот квартал од 2012 година, НБРМ ја олесни монетарната политика преку намалување на клучната каматна стапка за 0,25 процентни поени и преку менување на позицијата на монетарните инструменти.

За 2013 година според проекцијата на НБРМ растот на економијата ќе изнесува 2,2% при годишна инфлација од 3,2%. Секако, оваа проценка е чувствителна на влезните претпоставки пред се за растот на европските економии коишто се нашите најголеми трговски партнери.

ФИНАНСИСКИ ПЕРФОРМАНСИ НА ДРУШТВОТО

Во 2012 година Друштвото оствари **нето добивка** од работењето во износ од **54.810.004 денари, а беше планирана добивка од 56.423.713 денари.***
Помалата добивка во износ од 1.613.708 денари се должи на пониските оперативни приходи кои пак се резултат на намалениот прилив во задолжителниот фонд и помал приход од инвестирање во споредба со планот. *
Вкупните приходи на Друштвото за 2012 година изнесуваат **154.092.942 денари** кои се за **6.549.110 денари** пониски од планираните **160.642.052 денари.***
Вкупните расходи на Друштвото за 2012 година изнесуваат **99.063.624** денари, кои се за **4.869.353 денари** пониски од планираните **103.932.977 денари**. Пониските трошоци на Друштвото во однос на планот, се резултат на рестрикција и контрола на трошоците. *
Поголеми трошоци кои се остварени во 2012 година се:
Реализираните **расходи за склучени договори и останати трошоци за агенти** за задолжителниот и доброволениот пензиски фонд со износ од 8.701.712 милиони денари, а беа планирани 7.691.656 милиони денари.*
Расходите за **МАПАС, ПИОМ и Банка чувар** изнесуваат **25.575.044** милиони денари, а планирани беа 26.504.478 милиони денари. Пониските трошоци во износ од 929.265 денари се резултат на помалите уплати во фондовите од планираните.
Амортизацијата изнесува 3.013.722 милиони денари, а планирани беа 4.575.697 милиони денари. Не се реализираа сите планирани инвестиции.*
Трошоците за плати и други надоместоци на вработените изнесуваат 30.682.314 милиони денари, а планирани беа 30.917.506 милиони денари. Дополнителни трошоци за вработените како што се патни трошоци, дневници, трошоци за образовни услуги и сл. изнесуваат 1.545.316 денари.*
Трошоците за услугите на Прва Груп (по основ на услуги за инвестирање, информатички услуги, интерна ревизија, едукација и тренинг на членовите на Управен Одбор) изнесуваат 10.897.838 денари и на Комерцијална банка АД Скопје за склучени договори, и дистрибутивна мрежа, наем на втора локација и банкарски провизии во износ од 1.748.837 денари.*
Долгорочните обврски во износ од 4.763.199 денари се однесуваат за деловниот простор купен во 2005 година од Комерцијална банка АД Скопје со грејс период од 5 години и период на отплата од 5 години со пет годишни рати. Првата рата беше платена во јули 2010.*

Приходите произлегуваат од вршење на основната дејност на Друштвото (провизиите што ги наплатува Друштвото за управување со средствата на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје како и инвестирање на слободните парични средства:

- **Влезна провизија** од 4% од уплатените придонеси во задолжителниот пензиски фонд. **Приходот од надоместок од придонеси** во 2012 година е 80.598.632 денари, а планирани беа 85.049.900. Приходот е помал за 4.460.268 во однос на планот, поради помалку уплатени придонеси во однос на планот. *
- **Управувачка провизија** од 0,05 % месечно од вкупните нето средства на задолжителниот пензиски фонд. Приходот по овој основ за 2012 година изнесува 60.230.637 денари, а беше планирано 59.493.108 денари. *
- **Влезна провизија во доброволен фонд е 4% максимум** од уплатените придонеси и за 2012 година изненесува 1.420.847 денари, а беше планирано 1.344.953 денари. *
- **Управувачка провизија** од 0,075 % месечно од вкупните нето средства на доброволниот пензиски фонд. Приходот од надоместок за управување во 2012 година изнесува 516.034 денари ,а беше планирано 510.788 денари. *
- **Инвестирање на слободните парични средства на Друштвото**

Во 2012 година, Друштвото ги вложуваше средствата во депозити и државни обврзници. Вкупниот износ на вложени средства на Друштвото со 31.12.2012 изнесува 220.650.377 денари. Друштвото оствари приходи во износ од 11.260.215 денари, а по планот изнесуваат 14.243.303 денари. Пониските приходи се резултат на преценетиот план како и понискиот принос од обврзниците во текот на годината.*

КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје

На крајот на 2012 година, **нето средствата на Задолжителниот фонд** со кои управува Друштвото достигнаа износ од **11,349 милијарди денари (184,54 милиони еур)**, што е приближно на планираниот износ.[1]

Во Фондот беа **уплатени вкупно придонеси во износ од 2,015 милијарди денари (32,77 мил ЕУР)** или просечно месечно **167,95 милиони денари (2,73 милиони ЕУР)**, а планирани беа 2,126 милијарди денари (34,57 милиони ЕУР).[2]

Просечниот месечен уплатен придонес изнесува **1.587 денари,** а планирано беше 1.611 денари.[3]

Од почетокот на реформираниот пензиски систем до сега, **165.441 членови примиле барем една уплата.** [4]

Од вкупниот број членови заклучно со 31.12.2012 година **97,19% имаат барем една уплата на лична сметка во Фондот, а 2,81% немаат ниту една уплата на месечен придонес на лична сметка**.[5]

Вредноста на сметководствената единица на 31.12.2012 година изнесува 142,372582.[6]

Со состојба 31.12.2012 год., најголем дел од средствата на задолжителниот фонд, **66,32% друштвото ги вложи во државни хартии од вредност, 12,44% во депозити кај домашни банки, 3,47% во акции на домашни издавачи, и 16,71% во инвестициски фондови од странски издавачи(ETF)**.[7]

** Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје*

[1,2,3,4,5,7] Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје
[6] Извор: Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС

КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје

На крајот на 2012 година, **нето средствата на Доброволниот фонд** со кои управува Друштвото достигнаа износ од **81,020 милиони денари**, **(1,317 милиони еур)**, а планирани беа 81,511милиони денари (1,325 милиони еур). [1]

Во Фондот беа **уплатени вкупно придонеси во износ од 42,068 милиони денари (684 илјади ЕУР)** или просечно месечно **3,5 милиони денари (57 илјади ЕУР)**, а планирани беа 40,756 милиони денари (663 илјади ЕУР). [2]

Од почетокот на реформираниот пензиски систем до сега, **11.403 членови примиле барем една уплата**. [3]

Од вкупниот број членови заклучно со 31.12.2012 година **96,5% имаат барем една уплата на лична сметка во Фондот, а 3,5% немаат ниту една уплата на месечен придонес на лична сметка.** [4]

Друштвото има годишен приход од 1,422 милиони денари од влезна провизија што е просечен месечен приход од 118.497 денари и е 106% во однос на планот. [5]

Друштвото има годишен приход од управувачка провизија со износ од 516.035 денари што е приближно на планираниот. [6]

Вредноста на сметководствената единица на 31.12.2012 година изнесува 119,129537. [7]

Со состојба 31.12.2012 год., најголем дел од средствата на доброволниот фонд, **34,7%** друштвото ги вложи во **државни хартии од вредност, 31,92% во депозити кај домашни банки, 12,92% во акции на домашни издавачи, и 17,03% во инвестициски фондови од странски издавачи.** [8]

[1,2,4,5,6,8] Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје
[3,7] Извор: Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС

ЛИКВИДНОСЕН РИЗИК
ОПЕРАТИВЕН РИЗИК
ПАЗАРЕН РИЗИК

УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

1. Ликвидносен ризик

Ликвидоносен ризик е неможност да се извршат достасаните обврски на друштвото и фондовите. Со цел да се заштити од овој вид на ризик, Друштвото води евиденција за паричните приливи и одливи, ги проектира истите на долг рок и ја контролира рочната структура на обврските. Управувањето со овој вид на ризик овозможува да се обезбеди солвентност на долг рок.

2. Пазарен ризик

Пазарниот ризик е ризик кој како резултат на намалувањето на цените или зголемена волатилност на цените ќе предизвика негативен ефект врз вредноста на средствата на друштвото и фондовите.
Пазарниот ризик зависи од видот на инструментите во кои се вложуваат средствата на друштвото и фондовите (обврзници, записи, депозити, акции, удели во фондови и др.). Пазарниот ризик се јавува како последица на промените на пазарната вредност на инструментите како резултат на економски и неекономски промени. Пазарниот ризик како таков може да се подели на:
- ризик од промена на цените на хартиите од вредност - кој претставува ризикот на кој се изложени средствата при промена на цените на хартиите од вредност.
- ризик од промена на каматните стапки (каматен ризик)- кој претставува ризикот на кој се изложени средствата преку вложување во депозити, обврзници и други должнички хартии од вредност, чија цена се менува во однос со движењето на каматните стапки.
- ризик од промена на вредноста на валутата (валутен ризик) – кој претставува ризикот на кој се изложени средствата од промена на девизниот курс.

3. Ризик од каматни стапки

Со цел да се оствари максимален приход од камата, а во исто време и потребен степен на ликвидност, Друштвото ги вложува средствата на рок кој ќе овозможи максимална каматна стапка, а притоа да не биде загрозена ликвидноста.
Тргнувајќи од ова, во 2012 година, средствата на Друштвото односно капиталот беа вложени во депозити во денари со рок на доспевање до 1 година и на краток рок до 1 месец во денари. Заради обезбедување пласман на средствата со повисока камата односно принос, Друштвото направи инвестиции и во долгорочни државни обврзници издадени од Министерството за финансии со рок на доспевање до 5 години. Ризикот од каматни стапки во детали се планира, анализира, контролира и балансира во работењето со средствата од фондовите.

4. Оперативен ризик

Оперативен ризик е ризикот од директни и индиректни загуби како резултат на несоодветени или неуспешни интерни процеси, луѓе и системи или пак како резултат на надворешни настани. Оперативниот ризик е поделен во седум категории:
- клиенти, производи и деловни практики – грешки (намерни или ненамерни) во извршувањето на обврските кон клиентите, злоупотреба на доверливи информации, перење пари и прекршувања на поверенички должности;
- интерна измама – непочитување на законите, регулативите и/или политиката на Друштвото како и злоупотреба на имотот (опремата на друштвото);
- екстерна измама – акции преземени од надворешни лица што ги прекршуваат законите или акции со кои се злоупотребува имотот;
- оштета на физичките средства (опрема) – оштета на опремата како резултат на елементарна непогода, земјотреси, пожар;
- управување на извршувањето, испораката и процесите – грешки во точното процесирање на трансакциите и неодржувањето на деловни односи меѓу договорните страни;
- нарушување на бизнисот и грешка на системите – тука се вбројуваат грешки на компјутерските системи (хардверски и софтверски);
- вработување и безбедност при работа – настани (акции) кои не ги почитуваат законите поврзани со вработување и здравје и безбедност при работа.

Друштвото, во соработка со информатичките организациони делови на двата основачи, постојано ги унапредува системите на чување на податоците и на контролните системи на работењето.

5. Ризик од легислатива

Во 2005 година, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, даде дозвола со рок на важност од 10 години на 2 друштва за управување со пензиски фондови. Министерството за труд и социјална политика во 2007 година предложи Закон за измени на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, стапи во сила во 2008 година, со кој се укина ограничувањето на рокот на важност на дозволата за управување со пензиски фондови на друштвата и даде можност да се основаат и други друштва за управување со пензиски фондови. Оваа измена може да влијае на условите на работење на Друштвото, заради губење дел од пазарот на пензиски осигуреници и остварување помали приходи во идните години. Со измените на Законот се воведува право на Управниот одбор на Агенцијата за супервизија да ја утврдува горната висина на провизијата од пензиски придонеси што пензиските друштва ја наплатуваат од своите членови. Примената на оваа административна мерка со која не се почитува пазарните принципи на работењето може да влијае на намалување на приходите на друштвото во идните години. Веќе на крајот на 2009 година Владата ја прифати влезната провизија предложена од агенцијата во износ од 5,5% за 2010 година, 4,5% за 2011 година и 4,0% за 2012 година.

ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ

Управниот одбор на своите седници донесуваше одлуки за инвестирање на средствата на пензиските фондови, врз основа на кои се инвестираа овие средства. Кон крајот на годината беа утврдени редовните годишни Тактики за инвестирање на средствата на задолжителниот и доброволниот фонд, со кои беше уреден начинот на работење на Друштвото во однос на инвестирањето на средствата на пензиските фондови за следната година. Исто така беше направено ревидирање на Инвестиционата Стратегија за Задолжителниот фонд со цел ускладување со новите законски измени. Беше направено и ревидирање на Тактиката за задолжителниот пензиски фонд поради усогласување со актуелната состојба на финансискиот пазар.

Во врска со задолжителниот фонд, во текот на цела 2012 година се градеа позиции во акции во странство преку индексни фондови, ЕТФ-и кои котираат на најголемите странски берзи. На тој начин се диверзифицираа голем дел од средствата кои се инвестираат во акции во странство во износ од околу 17% од фондот.

Дополнително, инвестициите кои задолжителниот фонд кои ги имаше во Македонската еврообврзница која доспева во 2015 година беа предвремено продадени поради законските измени кои ја налагаа оваа продажба. Најголемиот дел од овие средства беа вложни во домашни државни обврзници кои беа издадени на домашен пазар.

Ваквите одлуки и тактики за реализација на инвестициите на фондот придонесоа за одличен принос на задолжителниот фонд за 2012 година.

Во однос на доброволниот фонд, во текот на 2012 година, Друштвото инвестираше дел средствата во акции во странство преку индексни фондови, ЕТФ-и кои котираат на најголемите странски берзи. Постепено во текот на годината беше изградена позиција од околу 17%.

Дел од средствата беа инвестирани во акции на компании во Р.Македонија, државни обврзници и депозити во домашни банки.

Дисциплинирано се градеше позиција во сите инструменти во текот на цела 2012 согласно тактитката за годината.

Ваквите одлуки и тактики за реализација на инвестициите на фондот, на крајот придонесоа за остварување на респектабилен годишен принос на доброволниот фонд.

Во текот на 2012 година, во Секторот за управување со средства продолжи со директна релација со повеќе странски дилери/брокери од повеќе европски банки, со што значително се придонесе за подобрување на квалитетот за работа, воспоставување подобра релација, навремено информирање за случувањата на странските пазари, како и значително намалување на трошоците за тргување во странство, што претставува директна корист за членовите на фондовите. Во 2012 година се отвори нова линија за тргување во странство со реномираната финансиска институција Citi-Group од Лондон.

ПРОДАЖБА

Во текот на 2012 година продолжија активностите на Друштвото во правец на привлекување што поголем број на осигуреници и склучување на поголем број на договори за членство во задолжителниот пензиски фонд, како и интензивни активности за привлекување што поголем број на членови и склучување на поголем број на договори за членство во доброволниот пензиски фонд, пред се преку директни презентации на менаџментот на повеќе од 2.000 компании во земјата. Преку зголемените продажни активности Друштвото успеа да склучи договори за професионални пензиски шеми со 605 компании, преку кои 3.033 лица станаа членови на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје. [1]

Во текот на 2012 година, 13.810 членови и времено распределени лица се приклучија на Задолжителниот пензиски фонд. [2]

>2.000

Повеќе од 2.000 посетени компании во земјата

Склучени договори за професионални пензиски шеми со 605 компании

605

3.033

3.033 лица станаа членови на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје

13.810 членови и времено распределени лица во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје

13.810

[1,2] *Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје*

ПАЗАРНО УЧЕСТВО

ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

ЗА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД



[1,2,3,4] *Извор на податоци: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје. Податоците се однесуваат заклучно 31.12.2012 година.*

Моето друштво
се грижи за мене.
Секогаш е тука,
ми помага
и знам дека
можам да се
потпрам
на него.
ЗАПОЗНАЈ ГО МОЕТО ДРУШТВО
ЈАВИ СЕ НА:
02/ 32 43 777
КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
Like
ЈАВИ СЕ НА
02/32 43 777
ОБЕЗБЕДИ СИ ПЕНЗИЈА!
НАЈУБАВО СЕ СТАРЕЕ
ВО ВИСТИНСКО ДРУШТВО
2013
Искористи го третот столб и отвори своја сметка.
ЈАВИ СЕ НА:
02/ 32 43 777
www.kbprvo.com.mk

МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ

Позначајни активности во однос на маркетингот беа: континуирана работа на терен и изнаоѓање на можности за продажба, присутност во медиуми (електронски и пишани) од аспект на давање на изјави, анализи и мислења, објава на огласи во истите, одржување презентации за карактеристиките на тростолбниот пензиски систем, присуство на индивидуалци на практична работа, како и активно учество во работата на стопански комори.

Паралелно со маркетинг активностите во овој период беа превземени и активности за обучување на агенти и нивно пријавување за полагање на испит за агенти за вршење на маркетинг активности за задолжителниот и доброволниот пензиски фонд. Така, во 2012 година испитот за агент го положија вкупно 24 нови агенти, а на 49 агенти им беше раскинат договорот заради неактивност или непочитување на интерните правила на Друштвото, со што на крајот од годината Друштвото располагаше со вкупно 420 лиценцирани агенти.

Заклучно со 31.12.2012 година Друштвото имаше вкупно 420 агенти кои можеа да работат за двата пензиски фонда со кои управува Друштвото.

Со цел да се мотивираат агентите да склучуваат што поголем број договори, Друштвото ги задржа бонусите што беа исплатувани во текот на целата 2012 година во зависност од индивидуалната ангажираност (придонес) на агентите.

Во текот на годината Управниот одбор ги разгледуваше и усвојуваше кварталните извештаи за контрола на работата на агентите.

ИНФОРМАТИЧКО – КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во 2012 година активностите поврзани со информатиката беа насочени кон зголемување на продуктивноста на информациониот систем. Оваа година се продолжи да се работи на имплементација на Galaxy за зголемување на продуктивноста, која врши прибирање на податоци и со чија помош може да се генерираат голем број на извештаи за сите информации потребни за подобро работење и за поквалитетни бизнис анализи. ИТ Секторот работеше и на имплементација на секундарна локација на Друштвото. Овој проект ќе помогне за продлабочување со работа во случаи на вонредни ситуации како земјотреси, поплави, пожари и други ситуации. Проектот за секундарна локација истотака вклучи подготовка на документација за континуитет во работењето и останатите процедури за вонредни ситуации. Во 2012 година истотака се работеше на проект за промена на серверите и storage системот со нови.



ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Друштвото посветува големо внимание на кадровската политика, од моментот на селектирање и прием на работници, се до нивно воведување и пренесување на своето искуство со цел нивна мотивација за работа. Како дополнителна мотивација за своите вработени Друштвото излегува во пресрет преку помагање при нивно стручно усовршување, овозможување на персонален развој и развој во кариерата, унапредување, задржување на своите вработени.

Основни начела врз кои се заснова работењето на Друштвото се:

- **Тимска работа**
- **Перфекционизам**
- **Почитување на луѓето и околината**
- **Лидерство**
- **Интегритет**
- **Фокус на клиентот**

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје со состојба на 31.12.2012 година брои 27 вработени.
Професионалното унапредување на вработените значи унапредување и усовршување на работењето на Друштвото, а со тоа и овозможување на професионална и поквалитетна услуга на членовите и идните членови на пензиските фондови со кои управува Друштвото.
Како и секоја година и во текот на 2012 година вработените беа поттикнувани од страна на Менаџментот на Друштвото активно да бараат можности за доусовршување на своето знаење преку учество на обуки, конференции и полагање на стручни испити во својот делокруг. Меѓу останатото, како најзначајни постигнувања на вработените во рамки на работењето на Друштвото во 2012 година може да се издвои положувањето на испитот од вториот модул за „Financial Risk Manager" на вработен во Друштвото, кој се стекна со престижната титула на FRM, доделена од GARP (Global Asociation of Risk Profesionals) – Меѓународна организација која го развива полето на финансиски ризици, а со тоа стана и првиот „Finanical Risk Manager" во Р. Македонија.
Исто така, се овозможи вработени во Друштвото да полагаат испит за инвестиционо советување, организиран од Комисија за хартии од вредност на Р. М. и испит за Сертификуван финансиски аналитичар (CFA). Во текот на годината вработени лица во Друштвото беа испратени на стручно усовршување во Р. Словенија во делот на управување со ризици, актуарски работи и ревизија во делот на управување со средства. Се зазема учество на обуки во делот на примена на одредени законски прописи во работењето на Друштвото – Обука за трудово право и заштита при работа, организирана од Космо Иновативен центар, Семинар за измени и дополнувања на ЗТД, Семинар на тема ЗРО и негова примена во практиката, организиран од Здружение на Правници, обука на тема: нов закон за ПИО, предности на доброволниот пензиски фонд и новини во здравствено осигурување, учество на 67-ма Средба на Правници, организирана од Здружение на правници, потоа обука за внатрешни ревизори, организирана од Здружение на внатрешни ревизори, учество на многубројни конференции и семинари како што се: „Business assessment & Credit management ", организирана од АТТФ, „Buisness Exelence Show", организирана од „Una logica", конференција за извршни асистенти, офис менаџери и деловни координатори, организирана од Triple S, Меѓународна конференција за пензиски фондови во Ровињ, Хрватска, учество на Прв глобален инвестиционен самит во Охрид.
Во 2012 година Друштвото одржа вкупно 9 обуки на лица – потенцијални агенти со цел олеснување на полагање на испит за агент на КБ Прво, а беше и одржана обука на агентите со главна цел – проширување на знаењето на агентите за доброволното пензиско осигурување и надградба на продажни вештини.

